РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Скопје - Shkup

| Примено: Pranuar më: | 16.01.2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 08 | 41/1 | | |

| | |
|---|---|
| Република Северна Македонија<br>АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ<br>**Одбор за акредитација на високото образование** | *Полугодишен Извештај за работата на Одборот за акредитација на високото образование за периодот јули 2024 – декември 2024* |

# ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ОДБОРОТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ПЕРИОДОТ јули 2024 – декември 2024 ГОДИНА

| | |
|---|---|
| **Поднесувач:** | Одбор за акредитација на високото образование |
| **Правна основа:** | Врз основа на член 48, ставови 4 и 5 од Законот за високото образование (*Сл. весник на РМ*, бр. 82/2018 и *Сл. весник на РСМ*, бр.172/2021 и 58/2024) |
| **Усвоил:** | На 20-тата седница на Одборот за акредитација на високото образование, одржана на 30. 12. 2024 година |

**Скопје, декември 2024 година**

*Полугодишниот извештај за работата на Одборот за акредитација на високото образование, за периодот јули – декември 2024 година е изготвен согласно членот 48, ставови 4 и 5 од Законот за високото овразование (Службен весник на Република Македонија, бр. 82/2018 и Службен весник на РСМ, бр. 172/2021 и 58/2024) и Правилникот за образецот на извештајот за работата на Одборот за акредитација на високото образование (Службен весник на Република Македонија, бр. 286/2020).*

*Истиот е усвоен едногласно од сите членови на Одборот, на 20-тата седница, одржана на 30. 12. 2024 година.*

*Полугодишниот извештај за работа на Одборот за акредитација на високото образование за периодот јули – декември 2024 година се доставува до Министерството за образование и наука и до Националниот совет за високото образование и научно-истражувачка дејност и се објавува на официјалната интернет страница на надлежните институции, согласно Закон.*

## Содржина

Вовед ... 5
ИЗВЕШТАЈ ... 6
1. Правна рамка ... 6
2. Состав на Одборот за акредитација на високото образование ... 7
3. Надворешни стручни лица вклучени во постапките за акредитација ... 10
4. Краток преглед за општата оценка за периодот Јули 2024 – Декември 2024 ... 11
5. Краток преглед за наредниот период Јануари 2025 – Јуни 2025 ... 13
6. Организација на работата ... 13
7. Преглед на финансиско работење ... 14
8. Разгледувани и усвоени прописи ... 15
9. Тековна состојба за усогласеноста на постапките со ЕСГ2015 ... 15
10 Систем за обезбедување на квалитет ... 15
10.1. Внатрешен систем за обезбедување на квалитет и интегритет ... 16
10.2 Надворешна проверка на работата ... 16
11. Донесени решенија за акредитација ... 16
11.1 Решенија за акредитација на јавни високообразовни установи ... 16
11.2 Решенија за основање на самостојни приватни високообразовни установи ... 16
11.3. Решенија за основање на единици на самостојни високообразовни установи ... 17
11.4. Решенија за акредитација на научни установи за вршење на висооообразовна дејност на прв, втор и трет циклус на студии ... 17
11.5. Решенија за акредитација на постојани студиски програми ... 17
11.6. Решенија за акредитација на нови студиски програми ... 26
11.7 Решенија за акредитација на ментори на докторски студиски програми ... 27
11.8 Решенија за одбивање на акредитации (на високообразовни установи, студиски програми, менторства ... 29
11.9 Разгледани извештаи од надворешна евалуација ... 30
11.10 Решенија за дземени акредитации ... 31
11.11 Разгледувани жалби и постапките по нив ... 32

11.12 Тековна состојба за акредитираните високообразовни установи и студиски програми ..... 32
12. Обуки на членовите на Одборот ..... 33
13. Обуки за надворешни стручни лица вклучени во постапка за акредитација ..... 33
14. Учества на конференции/состаноци ..... 33
15. Посети на делегации ..... 38
16. Остварена соработка ..... 38
17. Издавачка дејност ..... 39
18. Состојба со мрежната страница на Одборот ..... 39
19. Разгледувани документи и тематски анализи ..... 40

## Вовед

Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија претставува орган на Агенцијата за квалитет на високото образование, која е основана како самостојно и непрофитно правно лице и врши јавни овластувања утврдени со Законот за високото образование (*Службен весник на Република Македонија*, бр. 82/18). Овој состав на Одборот за акредитација на високото образование започна со работа на конститутивната седница одржана на 2 април 2024 година.

Извештајот е приказ на работата на Одборот за акредитација на високото образование во наведениот период преку примена на надлежностите, статусот, организациската поставеност, како и потребата од зајакнување на Агенцијата за квалитет на високото образование. Воедно, претставува анализа и на процесот за акредитацијата во втората половина на 2024 година, на планираните активности, како и на заклучните согледувања од работата на Одборот преку доследна и целосна примена на Законот за високото образование и на подзаконските акти.

# ИЗВЕШТАЈ

## за работата на Одборот за акредитација на високото образование

### 1. Правна рамка

**Надлежностите на Одборот за акредитација**. Одборот за акредитација е самостоен во својата работа и одлучува во рамките на својата надлежност врз основа на начелата на стручност и на непристрасност. Во рамките на своите права и обврски, утврдува дали со проектот за основање на високообразовна установа и поднесената документација се исполнети условите за вршење на високообразовна дејност и го утврдува капацитетот за студирање на високообразовната установа.

Понатаму, донесува решение за акредитација на проектот за основање на самостојна приватна или приватно-јавна високообразовна установа, решение за акредитација на проектот за основање на единица на самостојна приватна или приватно-јавна високообразовна установа како и решение за одземање на дадена акредитација по спроведена постапка за одземање на правото за вршење на високообразовна дејност, согласно Закон.

Во рамките на своите надлежности, Одборот одлучува за акредитација на научна установа за вршење високообразовна дејност на студии од втор и трет циклус на студии, ~~и~~ утврдува исполнетост на условите за организирање на студии за нови студиски програми на високообразовната установа и го утврдува капацитетот за студирање на високообразовната установа. Одборот одлучува за акредитација на студиски програми за период од пет студиски години, како и за акредитација на ментори на докторски студии.

Исто така, врз основа на извештаите од надворешната евалуација на високообразовните установи, Одборот ја следи исполнетоста на условите на високообразовните установи на кои им се дадени акредитација и одобрение за почеток со работа и врз основа на тоа може да ја одземе акредитацијата. Во рамките на своите надлежности, Одборот за акредитација може да одземе акредитација на студиска програма и пред истекот на периодот за кој акредитацијата е дадена, врз основа на предлог на Одборот за евалуација, за што води евиденција за акредитираните високообразовни установи и за други акредитации (кои задолжително се објавуваат на веб страната на Агенцијата за квалитет).

Во рамките на своите надлежности, Одборот предлага до Националниот совет Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитацијата на студиските програми, остварување на меѓународна соработка во својата област, како и во сферата на давање препораки за подобрување на нормативите и стандардите за вршење на високообразовна дејност.

Во делот на изготвување на обрасци, Одборот е надлежен да изготвува образец за поднесување на проектот за основање на самостојна јавна, приватно-јавна или приватна високообразовна установа, како и образец на елаборат за акредитација на студиски програми.

Согласно законските обврски, Одборот за акредитација го информира министерот надлежен за работите во високото образование за одобрените акредитации и за други прашања. На секои шест месеци доставува извештај за својата работа до министерството надлежно за работите во високото образование и до Националниот совет, кој задолжително се објавува на веб страната на Агенцијата за квалитет на високото образование и на веб страната на министерството надлежно за работите во високото образование.

## 2. Состав на Одборот за акредитација на високото образование: Членови во постојаната комисија.

Одборот за акредитација е конституиран на седницата на 02. 04. 2024 година, на која присуствуваа именуваните членови од Интеруниверзитетската конференција, Владата, репрезентативното тело на организација на работодавачи, МАНУ, студент претставник од Интеруниверзитетската конференција.

Согласно член 47 од Законот за високото образование (*Службен весник на РМ*, бр. 82/18 и *Службен весник на РСМ,* бр. 172/2021 и 58/2024) Одборот за акредитација на високото образование е колективно тело кое ја врши акредитацијата. Одборот за акредитација е составен од петнаесет членови, и тоа: шест членови од редот на професорите во работен однос на универзитетите во Република Македонија, избрани со тајно гласање од Интеруниверзитетската конференција; шест члена именувани од Владата на Република Северна Македонија, од редот на професорите во работен однос на јавните универзитети во Република Македонија; еден член именуван од најрепрезентативната организација на работодавачите; еден член именуван од Македонската академија на науките и уметностите; еден член од редот на студентите, избран со тајно гласање од Интеруниверзитетската конференција.

Законската рамка предвидува дека меѓу членовите на Одборот за акредитација избрани од Интеруниверзитетската конференција, задолжително мора да има најмалку по еден член од редот на професорите од секое од шесте научно-истражувачки полиња од прво ниво според Меѓународната фраскатиева класификација (природно-математички науки; техничко-технолошки науки; медицински науки и здравство; земјоделски и ветеринарни науки; општествени науки и хуманистички науки).

**Табела 1.** Состав на Одборот за акредитација на високото образование

| Ред. бр | **Научно-истражувачко поле според Фраскати** | **Име и презиме на членот на ОА** | **Високообразовна установа во Република Северна Македонија** |
|---|---|---|---|
| 1. | Природно-математички науки | проф. д-р Рубина Гулабоски | УГД |
| 2. | Техничко-технолошки науки | проф. д-р Вангелче Митревски | УКЛО |
| 3. | Техничко-технолошки науки | проф. д-р Флорие Исмаили | УЕЈЛ |
| 4. | Општествени науки | проф. д-р Марјан Ѓуровски | УКИМ |
| 5. | Општествени науки | проф. д-р Савица Димитриеска | МБУ |
| 6. | Општествени науки | проф. д-р Виолета Цветковска | УКИМ |
| 7. | Општествени науки | проф. д-р Билјана Цигловска Бојческа | МУС |
| 8 | Медицински науки и здравство | проф. д-р Јетмире Алимани Јакупи | ДУТ |
| 9 | Медицински науки и здравство | проф. д-р Билјана Кузмановска | УКИМ |
| 10 | Медицински науки и здравство | проф. д-р Ана Данева Марковска | УКИМ |
| 11 | Земјоделски и ветеринарни науки | проф. д-р Гоце Цилев | УКЛО |
| 12 | Хуманистички науки | проф. д-р Куштрим Ахмети | ДУТ |
| 13 | Хуманистички науки | проф. д-р Марјан Марковиќ | МАНУ |
| 14. | Општествени науки | Ангел Димитров | Член од најрепрезентативната организација на работодавачите |
| 15 | Општествени науки | Рона Татеши | Претставник од студентите |

Одборот за акредитација формираше шест постојани стручни комисии, од по три члена, од соодветните шест научно-истражувачки подрачја, според Меѓународната фраскатиева класификација, согласно член 49, став (7) од Законот за високото образование (*Службен весник на РМ*, бр. 82/2019 и *Службен весник на РСМ,* бр. 172/2021 и 58/2024), кој гласи „Одборот за акредитација, од редот на членовите, формира стручни комисии за потребите на вршење на акредитацијата. Доколку во Одборот за акредитација нема член кој е соодветен за одредено научно подрачје, поле или област, Одборот за акредитација во комисии може да ангажира и надворешни стручни лица“[1].

За членови во постојаната комисија од научно-истражувачки подрачја, според Меѓународната фраскатиева класификација:

1. **Природно-математички науки**:
   - проф. д-р Рубин Гулабоски, претседател;
2. **Техничко-технолошки науки**:
   - проф. д-р Вангелче Митревски, претседател;
   - проф. д-р Флорие Исмаили, член.
3. **Општествени науки**:
   - проф. д-р Марјан Ѓуровски, претседател;
   - проф. д-р Билјана Цинговска Бојческа, член;
   - проф. д-р Виолета Цветкоска, член;
   - проф. д-р Савица Димитриеска, член;
   - Ангел Димитров, член;
   - Рона Татеши, член.
4. **Медицински науки и здравство**:
   - проф. д-р Јетмире Јакупи, претседател;
   - проф. д-р Ана Данева Маркова, член;
   - проф. д-р Билјана Кузмановска, член.
5. **Земјоделски и ветеринарни науки**:
   - проф. д-р Гоце Цилев, претседател;

[1] На втората седница на Одборот за акредитација одржана на 22.04.2024 година беа формирани постојани стручни комисии од соодветните шесте научно-истражувачки подрачја, според Меѓународната фраскатиева класификација.

6. **Хуманистички науки**:
- проф. д-р Куштрим Ахмети, претседател;
- Акад. проф. д-р Марјан Марковиќ, член;

## 3. Надворешни стручни лица вклучени во постапките за акредитација

Во својство на надворешни стручни лица вклучени во стручните комисии, се номинирани лица кои покриваат научни области кои не се опфатени при изборот на членови на Одборот, односно да се избегне судирот на интереси на членовите на Одборот за акредитација или потребата од поголем број на членови во комисиите за разгледување на елаборатите.

Надворешни стручни лица, вклучени во постапката за акредитација, се:

1. **Хуманистички науки**:
- проф. д-р Лилјана Гушевска, ИНИ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје.

2. **Техничко-технолошки науки**:
- проф. д-р Иван Чорбев, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје;
- проф. д-р Љупчо Трајчевски, Универзитет „Св. Климент Охридски, Битола;
- проф. д-р Љупчо Јованов, Архитектонски факултет при „Американ колеџ“, Скопје.

3. **Природно-математички науки**:
- проф. д-р Горан Тасев, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип;
- проф. д-р Јаумин Ајдари, Универзитет на Југоисточна Европа.

4. **Медицински науки**:
- проф. д-р Маја Мојсова Мијовска, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип;
- проф. д-р Кастриот Хаџиреџа, Универзитет во Тетово, Тетово;
- проф. д-р Андријан Карталов, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје;
- проф. д-р Арлинда Хаџиу-Зајми, Универзитет во Тетово, Тетово;
- проф. д-р Веби Беџети, Универзитет во Тетово, Тетово;

5. **Општествени науки**:
- проф. д-р Сашо Јосимовски, Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје;

## 4. Краток преглед за општата оценка за периодот 1 јули 2024 – 31 декември 2024 година

Одборот за акредитација на високото образование има одржано 14 седници во периодот за кој се однесува извештајот:

**Табела 3.** Одржани седници за периодот јули 2024 – декември 2024 година

| Ред. бр. | Број на седница | Датум на одржување на седница | Начин на оддржување на седница |
|---|---|---|---|
| 1 | 7. седница | 05. 07. 2024 | МАНУ, Скопје |
| 2 | 8. седница | 11. 07. 2024 | Ректорат на УКИМ, Скопје |
| 3 | 9. седница | 07. 08. 2024 | е-седница |
| 4 | 10. седница | 29. 08. 2024 | е-седница |
| 5 | 11. седница | 04. 09. 2024 | Ректорат на УКИМ, Скопје |
| 6 | 12. седница | 27. 09. 2024 | Правен факултет „Јустинијан Први“, УКИМ, Скопје |
| 7 | 13. седница | 30. 09. 2024 | е-седница |
| 8 | 14. седница | 14. 10. 2024 | е-седница |
| 9 | 15. седница | 21.10. 2024 | е-седница |
| 10 | 16. седница | 04. 11. 2024 | е-седница |
| 11 | 17. седница | 18. 11. 2024 | Филозофски факултет, УКИМ, Скопје |
| 12 | 18. седница | 04. 12. 2024 | Економски факултет, УКИМ Скопје |
| 13 | 19. седница | 18. 12. 2024 | Институт за безбедност, одбрана и мир при Филозофскиот факултет – УКИМ, Скопје |
| 14 | 20. седница | 30. 12. 2024 | е-седница |

Во периодот за кој се однесува извештајот, од страна на Одборот за акредитација беа реализирани следните активности:

1. Формирање на стручни комисии, зависно од студиските програми и барања за акредитација на ментори за студиски програми, по подрачја, полиња и области;
2. Отвореност на Одборот за акредитација на високото образование и промоција на стандардите за квалитет на високото образование преку оддржување на седниците во високообразовните установи и реализирање на работни посети на Универзитетите и факултетите со цел ~~на~~ запознавање со состојбите во процесите на реализација на наставно-образовниот и научно-истражувачкиот процес, согласно акредитираните студиски програми;
3. Реализирање на средби со претставници на релевантни институции со цел унапредување на соработката;
4. Учество на Генералното собрание на ЕНКА – Европската асоцијација за обезбедување квалитет во високото образование;
5. Реализирање на посети и средби со претставници на Агенциите и Одборите од земјите во регионот, од земјите членки на ЕУ и од САД;
6. Анализа на потребата за дигитализација на процесот на акредитација на високото образование;
7. Средба и активности со Националната агенција за европски образовни програми на РСМ за поддршка на високото образование во процесот на мобилност на студиските програми и за начините за користење на механизмите и можностите кои ги нудат Еразмус и другите фондови на Европската Унија;
8. Постапување по предметите кои беа предадени, а незавршени од претходните состави на Одборот за акредитација на високото образование, како и мерки и активности за периодот 2024 година;
9. Разгледување на барања, прописи, дописи и друго од високообразовните установи, како и на дописи од Агенцијата за квалитет во високото образование;
10. Разгледување на доставените материјали од страна на Одборот за акредитација и распределба на истите до членовите на стручните комисии;

## 5. Краток преглед за наредниот период: 01.01. 2025 – 30.06. 2025

Активностите на Одборот за евалуација, во рамките на надлежностите на Одборот за акредитација за периодот 01.01.2025 година до 30.06. 2025 година, ги вклучуваат следните активности:

1. Разгледување прописи и дописи од високообразовни установи, дописи од Агенцијата за квалитет во високото образование и од ресорното минисерство надлежно за високото образование;
2. Разгледување на доставените материјали од страна на Агенцијата за квалитет во високото образование и распределба на истите до членовите на стручните комисии;
3. Формирање на стручни комисии, по подрачја, полиња и области во зависност од пристигнатите студиски програми и барања за ментори за акредитација ;
4. Одвивање на седниците на Одборот за акредитација во високообразовни установи, со цел промовирање на отвореноста на ОАВО, како и промоција на законските норми за квалитет на високото образование и обезбедување на стандардите за акредитација.
5. По неколку години пауза, Одборот за акредитација на високото образование ја обнови соработката на нашата држава со ENQA – Европска мрежа за обезбедување квалитет во високото образование.

## 6. Организација на работата

*Работата на Одборот за акредитација, се уредува со деловник за работа, кој Одборот за акредитација го донесе на својата 2-ра редовна седница, одржана на 22. 04. 2002 година*.

Одборот врши акредитацијасогласно со Правилникот за стандарди и постапка за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми што го донесува Националниот совет за високото образование.

Одборот за акредитација работи и одлучува на седници, а може да одлучува доколку на седницата се присутни повеќе од половината од вкупниот број на членови. Одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови. Членовите на Одборот за акредитација се независни и самостојни во својата работа.

Формирани се постојани стручни комисии од соодветните шест научно-истражувачки подрачја, според Меѓународната фраскатиева класификација и избрани се претседателите на постојаните стручни комисии.

*Одборот за акредитација формира стручни комисии за потребите на вршење на акредитацијата од редот на членовите. Доколку во Одборот нема член кој е соодветен за одредено научно подрачје, поле или област, Одборот ангажира во комисиите и надворешни стручни лица од Универзитетите.*

Во рамките на своите надлежности, Одборот за акредитација ги разгледа и ја утврди потребата од промена на обрасците за елаборати на прв, втор и трет циклус. Обрасците за акредитација на високообразовни установи, обрасците за акредитација студиски програми, обрасците за акредитација на ментори и упатствата за начинот на пополнување на обрасците се објавуваат на веб страницата на Агенцијата за квалитет.

Констатирана е потребата, покрај увид во документацијата за време на процесот на акредитација, стручните комисии во иднина да имаат можност да извршат увид на самото место, односно во самата високообразовна институција која ја поднела акредитацијата, за што е неопходна измена на законските и подзаконските акти.

Решенијата за акредитација на високообразовни установи, решенијата за акредитација на студиски програми и другите одлуки на Одборот за акредитација се подготвуваат од стручните служби на Агенцијата за квалитет на високото образование и се објавуваат на веб страницата на Агенцијата. Во тој сегмент неопходно е значајно административно и кадровско зајакнување на Агенцијата.

## 7. Преглед на финансиското работење

Согласно член 57, точка 4 од Законот за високото образование (*Службен весник на РМ*, бр. 81/18) надлежна за финансиското работење на Одборот за акредитација исклучиво е Агенцијата за квалитет на високото образоване, односно Директорот кој ја претставува и застапува Агенцијата за квалитет и во чија надлежност е материјално-финансиското работење на Агенцијата за квалитет.

Претседателот на Одборот, согласно востановената процедура, ги потпишува извештаи за работа на членовите на Одборот за акредитација по однос на присуство на седници. Другите финасиски извештаи се подготвени од страна на стручните служби на Агенцијата за квалитет на високото образование и се доставувани до Директорот на Агенцијата на квалитет на понатамошно постапување сè до исплатата на надоместоците.

## 8. Разгледувани и усвоени прописи

Одборот за акредитација ги разгледа следните прописи во текот на периодот за кој се однесува полугодишниот извештај:

1. Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми;
2. Упатство за означување на документи на Одборот за акредитација;
3. Упатство за воспоставување на внатрешен и надворешен систем за обезбедување на квалитет и интегритет на Одборот за акредитација на високото образование;
4. Разгледување на информацијата за утврдување на потребата од измени на Правилникот за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми со цел истиот да се разгледаат од надлежниот Национален совет на високото образование.

## 9. Тековна состојба за усогласеноста на постапките со ЕСГ2015

Правилниците кои Одборот за акредитација претходно ги има подготвено и усвоено преку Агенцијата за квалитет на високото образование, се усогласени со стандардите и насоките за обезбедување на квалитет во европскиот простор на високото образование.

Правилникот за обезбедување на внатрешен систем на квалитет, како и за надворешна проверка на работата на Одборот за акредитација, ќе ги покрива насоките содржани во Standards and Guidelines for Quality Assurance in the European Higher Education Area — ESG 2015.

## 10. Систем за обезбедување на квалитет

Системот за обезбедување на квалитет на Одборот за акредитација подразбира дисеминација на процесот на евалуација на следните две нивоа:

1. Внатрешен систем за обезбедување на квалитет и интегритет;
2. Надворешна проверка на работата.

### 10.1. Внатрешен систем за обезбедување на квалитет и интегритет

Потребно е да биде воспоставен внатрешен систем за обезбедување на квалитет на Одборот за акредитација, во смисла на формирање на Комисија за самоевалуација на Одборот за акредитација. Во следниот период работна група за внатрешна самоевалуација на Одборот за акредитација ќе работи согласно Правилникот за спроведување на надворешна и внатрешна самоевалуација на Одборот за акредитација.

### 10.2 Надворешна проверка на работата

По целосното заокружување на правната рамка со подзаконски акти за спроведување на надворешна евалуација на Одборот, како што е донесувањето на Правилник за спроведување на самоевалуација на Одборот за акредитација и дефинирање на орган, ќе се спроведе надворешната евалуација.

## 11. Донесени решенија за акредитација

### 11.1 Решенија за акредитација на јавни високообразовни установи

За време на извештајниот период јули – декември 2024 година, до Одборот за акредитација не се поднесени барања за акредитација на јавни високобразовни установи.

### 11.2 Решенија за основање на самостојни приватни високообразовни установи

За време на извештајниот период, до Одборот за акредитација не се поднесени барања за акредитација на приватни високобразовни установи.

### 11.3. Решенија за основање на единици на самостојни високообразовни установи

За време на извештајниот период, до Одборот за акредитација е поднесено барање од страна на Меѓународниот Балкански Универзитет во Скопје за основање на Факултет за фармацевтски науки и за основање на Факултет за здравствени науки. За таа цел е формирана соодветна комисија во состав од 5 членови, во која се вклучени и надворешни експерти од постоечките фармацевтски и медицински факултети во земјата, кои ќе го разгледуваат поднесеното барања, како и надворешни експерти.

Од страна на МИТ Универзитет Скопје поднесено е барање за акредитација и давање мислење за спогодбата за спојување на Факултетот за дентална медицина и Колеџот за медицинска козметологија и физиотерапија во единствена единица Факултет за медицински науки и здраство при МИТ Универзитет Скопје. По извештајот на стручната комисија, барањето беше отфрлено поради незапазување на законските услови за присоединување на две единици.

Исто така, од УАКС Скопје и од Прв Американски универзитет ФОН Скопје, се доставени барања за присоединување на две единици во една, за кои, исто така, се формирани соодветни комисии од страна на Одборот за акредитација на високото образование во РСМ.

### 11.4. Решенија за акредитација на научни установи за вршење на високобразовна дејност на прв, втор и трет циклус студии

За време на извештајниот период, до Оборот за акредитација не е поднесено барања за акредитација на научни установи за вршење на висооообразовна дејност на прв, втор и трет циклус студии.

### 11.5. Решенија за акредитација на постојани студиски програми

За време на извештајниот период, до Оборот за акредитација се поднесени барања за акредитација на постоечки студиски програми, кои на седниците се распоределени по стручни комисии, и тоа:

- На 7-та седница на ОА – 6 барања за акредитација на студиски програми;

- На 8-та седница на ОА – 13 барања за акредитација на студиски програми;
- На 9-та седница на ОА – 15 барања за акредитација на студиски програми;
- На 10-та седница на ОА – 12 барања за акредитација на студиски програми;
- На 11-та седница на ОА – 2 барања за акредитација на студиски програми;
- На 12-та седница на ОА – 0 барања за акредитација на студиски програми;
- На 13-та седница на ОА – 2 барања за акредитација на студиски програми;
- На 14-та седница на ОА – 14 барања за акредитација на студиски програми;
- На 15-та седница на ОА – 0 барања за акредитација на студиски програми;
- 16-та седница на ОА – 0 барања за акредитација на студиски програми;
- На 17-та седница на ОА – 21 барања за акредитација на студиски програми;
- На 18-та седница на ОА – 3 барања за акредитација на студиски програми;
- На 19 седница на ОА – 8 барања за акредитација на студиски програми.

Или, за овој извештаен период поднесени и разгледани се **<u>вкупно 90 барања за акредитација на студиски програми</u>**.

За сите барања се формирани стручни комисии за разгледување на истите и за подготовка на извештаи.

- На 7-та седница на ОА – разгледани се 32 извештаи од стручните комисии;
- На 8-та седница на ОА – разгледани се 14 извештаи од стручните комисии;
- На 9-та седница на ОА – разгледани се 1 0 извештаи од стручните комисии;
- На 10-та седница на ОА – разгледани се 9 извештаи од стручните комисии;
- На 11-та седница на ОА – разгледани се 9 извештаи од стручните комисии

- На 12-та седница на ОА – разгледани се 12 извештаи од стручните комисии;
- На 13-та седница на ОА – разгледани се 8 извештаи од стручните комисии;
- На 14-та седница на ОА – разгледани се 5 извештаи од стручните комисии;
- На 15-та седница на ОА – разгледани се 10 извештаи од стручните комисии;
- На 16-та седница на ОА – разгледани се 15 извештаи од стручните комисии;
- На 17-та седница на ОА – разгледани се 5 извештаи од стручните комисии;
- На 18-та седница на ОА – разгледани се 21 извештаи од стручните комисии;
- На 19-та седница на ОА – разгледани се 9 извештаи од стручните комисии;
- На 20-та седница на ОА – разгледан е 1 извештај од стручните комисии.

Или, вкупно разгледани извештаи од стручните комисии за овој извештаен период – 160.

Издадените решенија се прикажани во Табела 7.

**Табела 7**. Издадени решенија за акредитација на постојани студиски програми

| **Високообразовна установа** | **седиште** | **Назив на студиска програма** | **циклус** | **ЕКТС** | **Број студенти** | **Важност на акредита-ција** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| УКИМ Скопје, Медицински факултет | Скопје | Општа медицина | Прв и втор циклус интегрирани студии | 360 | | |
| УКИМ Скопје | Скопје | Македонистика – македонски јазик и лингвистика | Трет циклус студии | 180 | | |
| УКИМ Скопје, Машински факултет | Скопје | Напредни производни системи и технологии | втор циклус студии | | | |
| УКИМ Скопје, Машински факултет | Скопје | Lean management | втор циклус студии | | | |
| УКИМ Скопје, Машински факултет, реакредитација на студиска програма | Скопје | Материјали, заварување и конструктивно инжерство | втор циклус студии | | | |
| УКИМ Скопје, Машински факултет | Скопје | Индустриско инженерство и менаџмент | втор циклус студии | | | |
| УКИМ Скопје, Машински факултет | Скопје | Индустриски дизајн | втор цикус студии | | | |
| УКИМ Скопје, Машински факултет | Скопје | Енергетика и екологија | втор циклус студии | | | |
| УКИМ Скопје, Машински факултет | Скопје | Моделирање и симулации на технологии и процеси од обработка со пластична деформација | втор циклус студии | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| УКИМ Скопје, Факултет за електротехника и информациски технологии | Скопје | Наменски вградливи компјутерски системи и интернет на нешта | втор циклус студии | | | |
| УКИМ Скопје Медицински факултет | Скопје | Клиничка логопедија | втор циклус студии | | | |
| УГД Штип Економски факултет | Штип | Меѓународна економија и бизнис | прв циклус студии | | | |
| УГД Штип Економски факултет | Штип | Менаџмент и маркетинг | прв циклус студии | | | |
| УГД Штип Економски факултет | Штип | Финансии | прв циклус студии | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| УГД Штип Економски факултет | Штип | Сметководство и ревизија | прв циклус студии | | | |
| Бизнис академија Смилевски БАС Скопје | Скопје | Бизнис менаџмент | прв циклус студии | 180 | | |
| МБУ Скопје Правен факултет | Скопје | Балкански студии | трет циклус студии | 180 | | |
| УАКС Скопје, Факултет за политички науки | Скопје | Здравствена психологја и психолошко советување на англиски јазик | втор циклус студии | | | |
| УКИМ Скопје, Институт за национална историја | Скопје | Историја на Балканот | втор циклус студии, | | | |
| УКИМ Скопје, Фармацевтски факултет | Скопје | Лабораториска анализа и инженерство во фармација | втор циклус студии | | | |
| МБУ Скопје Правен факултет | Скопје | Балкански студии | втор циклус студии | | | |
| МБУ Скопје Правен факултет | Скопје | Меѓународно право | трет циклус студии | | | |
| УКИМ Скопје, Фармацевтски факултет | | Лабораториско биоинженерство | прв циклус студии | | | |
| УКИМ Скопје, Природно-математички факултет | | Географија | втор циклус студии | | | |
| УКИМ Скопје, Природно-математички факултет | | Картографија, географски информациски системи | втор циклус студии | | | |
| УКИМ Скопје, Филозофски факултет | | Специјална едукација и рехабилитација – специфични тешкотии во учењето | втор циклус студии | | | |
| УКЛО Битола, Факултет за инорматички и комуникациски технологии | Битола | Информатички науки и компјутерско инженерство | трет циклус студии | 180 | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| УКЛО Битола, Факултет за туризам и угостителство | Битола | Туризам | трет циклус студии | 180 | | |
| УКИМ Скопје, Фармацевтски факултет, реакредитација на студиска програма | Скопје | Лабораториска анализа и инженерство во фармација | втор циклус студии | | | |
| МБУ Скопје Правен факултет | Скопје | Балкански студии | втор циклус студии | | | |
| МБУ Скопје Правен факултет | Скопје | Меѓународно право | трет циклус студии | | | |
| УКИМ Скопје, Факултет за електротехника и информациски технологии | Скопје | Применета математика | втор циклус студии | | | |
| УКИМ Скопје, Филолошки факултет | Скопје | Преведување и толкување – преведувачка насока | прв циклус студии | | | |
| УКИМ Скопје, ЈНУ Институт за национална историја | Скопје | Историја на Македонија | втор циклус студии | | | |
| МБУ Скопје, Факултет за хуманистички и општествени науки | Скопје | Односи со јавност | втор циклус студии | 60 | | |
| Универзитет во Скопје, Факултет за менаџмент на човечки ресурси | Скопје | Менаџмент на човечки ресурси | прв циклус | | | |
| УКИМ Скопје, Машински факултет | Скопје | Моторни возила | втор циклус студии | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| УКИМ Скопје, Машински факултет | Скопје | Термичко и енергетско инженерство | втор циклус студии | | | |
| УКИМ Скопје, Факултет за земјоделски науки и храна | Скопје | Фитомедицина | втор циклус студии | | | |
| МБУ Скопје, Факултет за образовни науки | Скопје | Настава по англиски јазик | прв циклус студии | | | |
| МБУ Скопје, Факултет за образовни науки | Скопје | Настава по турски јазик | прв циклус студии | | | |
| УКИМ Скопје, Природно-математички факултет | Скопје | Етнологија и антропологија | трет циклус студии | 180 | | |
| УКИМ Скопје, Филолошки факултет | Скопје | Наука за јазик – турски јази | прв циклус студии | 240 | | |
| Еуропа Прима Скопје, Факултет за филмски уметности | Скопје | Филмски уметности | прв циклус студии | 240 | | |
| Еуропа Прима Скопје, Факултет за филмски уметности | Скопје | Аудиовизуелни уметности | втор циклус студии | 240 | | |
| УКИМ Скопје, Машински факултет | Скопје | Автоматика и флуидно инженерство | втор циклус студии | | | |
| УКИМ Скопје, Машински факултет | Скопје | Механика и машински системи | втор циклус студии | | | |
| УКИМ Скопје, Природно-математички факултет | Скопје | Биологија – хемија | втор циклус студии | | | |
| УКИМ Скопје, Филолошки факултет | Скопје | Наука за книжевност – англиска книжевност | трет циклус студии | 180 | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| УКЛО Битола, Научен институт за тутун – Прилеп | Прилеп | Технологија на производство и обработка на тутун и производи од тутун | трет циклус студии | 180 | | |
| Меѓународен Славјански Универзитет, Св. Николе, Факултет за технички науки и информатика | Св. Николе | Безбедност при работа | прв циклус студии | | | |
| Меѓународен Славјански Универзитет Св. Николе, Факултет за технички науки и информатика | Св. Николе | Безбедност при работа | втор циклус студии | | | |
| Меѓународен Славјански Универзитет Св. Николе, Факултет за технички науки и информатика | Св. Николе | Софтверски технологии | прв циклус студии | | | |
| Меѓународен Балкански Универзитет Скопје, Факултет за образовни науки | Скопје | Турски јазик и книжевност | трет циклус студии | 180 | | |
| УКИМ Скопје, Филозофски факултет | Скопје | Психологија | трет циклус студии | 180 | | |
| МБУ Скопје, Факултет за правни науки | Скопје | Балкански студии | втор циклус студии | | | |
| МБУ Скопје, Факултет за правни науки, реакредитација на студиска програма | Скопје | Меѓународно право | втор циклус студии | | | |
| Институт за културно и духовно наследство на Албанците Скопје | Скопје | Историја и меѓународни односи | втор циклус студии | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| УКИМ Скопје, Филолошки факултет | Скопје | Наука за јазик - Славистика | втор циклус студии | | | |
| УКИМ Скопје, Филолошки факултет | Скопје | Наука за книжевност – англиска книжевност | втор циклус студии | | | |
| МБУ Скопје, Факултет за уметност и дизајн | Скопје | Анимација и видеопродукција | прв циклус студии | | | |
| МБУ Скопје, Факултет за инженерство | Скопје | Машинско учење | втор циклус студии на англиски јазик | | | |
| МБУ Скопје, Факултет за инженерство | Скопје | Податочно инженерство | втор циклус студии на англиски јазик | | | |
| МБУ Скопје, Факултет за инженерство | Скопје | Индустриско инженерство и менаџмент | втор циклус студии на англиски јазик | | | |
| МБУ Скопје, Факултет за инженерство | Скопје | Градежништво | втор циклус студии | | | |
| УМТ Скопје | Скопје | Математичко - информатичко образование | втор циклус студии | | | |
| УКИМ Скопје, Технолошко – металуршки факултет | Скопје | Технологија | трет циклус студии | 180 | | |
| УКИМ Скопје, Технолошко – металуршки факултет | Скопје | Металургија | трет циклус студии | 180 | | |
| УКИМ Скопје, Правен факултет | Скопје | Граѓанско право | втор циклус студии | 120 | | |
| УКЛО Битола, Факултет за туризам и угостителство – Охрид | Битола | Менаџмент во услужен сектор | трет циклус студии | 180 | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| УКИМ Скопје, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер | Скопје | Дизајн и технологии на мебел и ентериер | трет циклус студии | 180 | | |
| УКИМ Скопје, Природно – метаматички факултет | Скопје | Едукација во наставата по биологија | втор циклус студии | | | |
| УКИМ Скопје, Институт за национална историја | Скопје | Историја на Македонија | трет циклус студии | 180 | | |
| МБУ Скопје, Факултет за инженерство | Скопје | Индустриско инженерство и менаџмент | прв циклус | 240 | | |

## 11.6. Решенија за акредитација на нови студиски програми

За време на извештајниот период, до Оборот за акредитација се поднесени барања за акредитација на нови студиски програми.

За време на извештајниот период, Оборот за акредитација има формирано стручни комисии кои работеа на елаборатите за акредитација на нови студиски програми.

Издадените решенија се прикажани во Табела 8.

**Табела 8**. Издадени решенија за акредитација на нови студиски програми

| **Високобразован установа** | **Седиште** | **Назив на студиска програма** | **Циклус** | **ЕКТС** | **Број студенти** | **Важност на акредитација** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Факултет за политички науки при УАКС Скопје | Скопје | Бизнис и организациска психологија, на англиски јазик | втор циклус студии | 60 | | |
| Универзитет во Тетово, Факултет за физичка култура | Тетово | Спортски тренер - боречки спортови | прв циклус студии на при | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| УМТ Скопје, Правен факултет | Скопје | Правни студии | прв циклус студии | | | |
| УМТ Скопје, Економски факултет | Скопје | Маркетинг менаџмент | прв циклус студии | | | |
| УМТ Скопје, Економски факултет | Скопје | Финансии и сметководство | втор циклус студи, | | | |
| УКИМ Скопје, Филозофски факултет | Скопје | Историја на уметност и археологија | трет циклус студии | 180 | | |
| Универзитет во Тетово, Медицински факултет | Тетово | Козметика со естетика | прв циклус студии | 180 | | |
| УКИМ Скопје, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер | Скопје | Дизајн и технологии на мебел и ентериер | трет циклус студии | 180 | | |
| УКИМ Скопје, Природно – метаматички факултет | Скопје | Едукација во наставата по биологија | втор циклус студии | | | |
| УКИМ Скопје, Институт за национална историја | Скопје | Историја на Македонија | трет циклус студии | 180 | | |
| УКИМ Скопје, Филолошки Факултет | Скопје | Управување европски проекти со примена на странски јазици | втор циклус студии | 120 | | |

### 11.7 Решенија за акредитација на ментори на докторски студиски програми

За време на извештајниот период, Оборот за акредитација има разгледано и одобрено барања за акредитација на ментори на докторски студиски програми, и тоа на:

- 7-та седница на ОА – разгледани се и одобрени 11 извештаи од стручните комисии за акредитација на ментор на трет циклус на студии;

- 8-та седница на ОА – разгледани се и одобрени 10 извештаи од стручните комисии за акредитација на ментор на трет циклус на студии;
- 9-та седница на ОА – разгледани се и одобрени 6 извештаи од стручните комисии за акредитација на ментор на трет циклус на студии;
- 10-та седница на ОА – разгледани се и одобрени 2 извештаи од стручните комисии за акредитација на ментор на трет циклус на студии;
- 11-та седница на ОА – разгледани се и одобрени 17 извештаи од стручните комисии за акредитација на ментор на трет циклус на студии;
- 12-та седница на ОА – разгледан и одобрен е 1 извештај од стручните комисии за акредитација на ментор на трет циклус на студии;
- 13-та седница на ОА – разгледан и одобрен е 1 извештај од стручните комисии за акредитација на ментор на трет циклус на студии;
- 14-та седница на ОА – немаше извештаи од стручните комисии за акредитација на ментор на трет циклус на студии;
- 15-та седница на ОА – разгледани се и одобрени 9 извештаи од стручните комисии за акредитација на ментор на трет циклус на студии;
- 16-та седница на ОА – немаше извештаи од стручните комисии за акредитација на ментор на трет циклус на студии;
- 17-та седница на ОА – разгледани се и одобрени 6 извештаи од стручните комисии за акредитација на ментор на трет циклус на студии;
- 18-та седница на ОА – разгледани се и одобрени 14 извештаи од стручните комисии за акредитација на ментор на трет циклус на студии;
- 19-та седница на ОА – разгледани се 13 извештаи од стручните комисии за акредитација на ментор на трет циклус на студии.

За време на извештајниот период, Оборот за акредитација има формирано стручни комисии кои работеа на барањата за акредитација на ментори на докторски студиски програми.

За време на извештајниот период, од поднесените барања за акредитација на ментори на докторски студиски програми завршени се 18 барања.

### 11.8 Решенија за одбивање на акредитации (на високообразовни установи, студиски програми, менторства)

Одбиени се барања за акредитација на студиски програми за кои стручните комисии констатираа дека не ги исполнуват законските обврски, и тоа:

- Административно право, втор циклус студии (120 ЕКТС), Факултет за правни науки при МУС Струга;
- Криминологија, втор циклус студии (120 ЕКТС), Факултет за правни науки при МУС Струга;
- Криминологија, прв циклус студии (180 ЕКТС), Факултет за правни науки при МУС Струга;
- Финансии, втор циклус студии (120 ЕКТС), Факултет за економски науки при МУС Струга;
- Административно право, втор циклус студии (60 ЕКТС), Факултет за правни науки при МУС Струга, акредитација на нова студиска програма;
- Менаџмент и бизнис, прв циклус студии (180 ЕКТС), Факултет за економски науки при МУС Струга, акредитација на нова студиска програма;
- Јавна администрација, прв циклус студии (180 ЕКТС), Факултет за правни науки при МУС Струга;
- Административно право, прв циклус студии (240 ЕКТС), Факултет за правни науки при МУС Струга;
- Јавна администрација, втор циклус студии (120 ЕКТС), Факултет за правни науки при МУС Струга;
- Индустриско инженерство, прв циклус студии (240 ЕКТС), Факултет за инженерство при МБУ Скопје;
- Податочно инженерство, втор циклус студии (60 ЕКТС), Факултет за инженерство при МБУ Скопје;
- Конструктивно инженерство, втор циклус студии (60 ЕКТС), Факултет за инженерство при МБУ Скопје;
- Архитектура и дизајн, втор циклус студии (120 ЕКТС), Факултет за технички науки при УЈИЕ Тетово;
- Психологија, прв циклус студии (240 ЕКТС) на англиски јазик, Факултет за политички науки при УАКС Скопје;
- Стратегиски менаџмент, втор циклус студии (60 ЕКТС), Бизнис академија Смилевски БАС Скопје, акредитација на студиска програма;
- Менаџмент и претприемништво, прв циклус студии (240 ЕКТС), Факултет за економија и организација на претприемништво при МСУ Свети Николе;

- Менаџмент на човечки ресурси на мали и средни претпријатија, втор циклус студии (60 ЕКТС), Факултет за економија и организација на претприемништво при МСУ Свети Николе;
- Финансии, втор циклус студии (60 ЕКТС), Факултет за економија и организација на претприемништво при МСУ Свети Николе;
- Политички науки и меѓународни комуникации на англиски јазик, прв циклус студии, Факултет за политички науки при УАКС Скопје;
- Софтверско инженерство, прв циклус студии, Факултет за инженерство и архитектура при Меѓународен Универзитет Визион Гостивар;
- Политички науки, прв циклус студии, Правен факултет при Меѓународен Универзитет Визион Гостивар;
- Менаџмент, втор циклус студии, Економски факултет при МИТ Универзитет Скопје;
- Примена на информациски технологии и вештачка интелегенција во дигитален маркетинг, прв циклус студии, Самостојна висока стручна школа Бреинстер Некст Скопје;
- Театарски уметности, прв циклус, Факултет за театарски уметности при Интернационален Универзитет Еуропа Прима – Скопје;
- Сценски уметности, втор циклус, Факултет за театарски уметности при Интернационален Универзитет Еуропа;
- Музички уметности, прв циклус, Факултет за применета музика при Интернационален Универзитет Еуропа Прима – Скопје;
- Музички уметности, втор циклус, Факултет за применета музика при Интернационален Универзитет Еуропа Прима – Скопје;
- Фармација, Интегрирани студии од прв и втор циклус, Факултет за здравствени науки при Меѓународен Универзитет Визион Гостивар;

За време на извештајниот период, одбиени се 29 барања за акредитација на студиски програми за кои стручните комисии констатираа дека не ги исполнуваат законските обврски.

- **11.9 Разгледани извештаи од надворешна евалуација**

За време на извештајниот период, до Оборот за акредитација не се поднесени извештаи од спроведена надворешна евалуација од страна на Одборот за евалуација на високото образование. Одборот за евалуација нема извршено надворешна евалуација на високообразовните установи и студиски програми и од таа причина нема поднесено предлози до Одборот за акредитација за продолжување на акредитации на студиски програми.

**Одборот за акредитација на високото образование до Одборот за евалуација на високото образование поднесе предлог-иницијатива/барање за покренување на вонредна евалуација на 5 (пет) високообразовни установи.**

Согласно член 84 од Законот за високото образование (*Службен весник на РМ*, бр. 82/2018 и *Службен весник на РСМ*, бр. 178/2021 и 58/2024), Одборот за акредитација може да покрене постапка за одземање на правото за вршење на високообразовна дејност на високообразовната институција.

Во насока на исполнување на оваа законска функција, а поаѓајќи од утврдената состојба при разгледувањето на елаборатите за акредитација на студиските програми, Одборот за акредитација на високото образование констатираше суштинско неисполнување на барањата утврдени со Законот за високото образование и со подзаконските акти донесени од Националниот совет за високо образование, поради што **Одборот за акредитација, на својата седница одржана на 17. 06. 2024 година одлучи да иницира до Одборот за евалуација на високото образование постапка за вонредна евалуација на 5 (пет) високообразовни установи.**

Одборот за акредитација на високото образование до Одборот за евалуација на високото образование на понатамошно постапување ги достави и елаборатите за акредитација на студиските програми кои Одборот за акредитација на високото образование не ги акредитираше од 5 (петте) високообразовни установи, како и други документи кои можат да послужат во постапката.

### 11.10 Решенија за одземени акредитации

За време на извештајниот период, до Оборот за акредитација не се поднесени предлози од страна на Одборот за евалуација на високото образование за одземање на акредитација, согласно член 48, став 3[3] и став 2, точка 8[4] од Законот за високото образование (*Службен весник на РМ*, бр. 82/2018 и *Службен весник на РСМ*, бр. 178/2021 и 58/2024).

[3] *Одборот за акредитација може да одземе акредитација на студиска програма и пред истекот на периодот за кој акредитацијата е дадена, врз основа на предлог на Одборот за евалуација.*
[4] *Врз основа на извештаите од надворешната евалуација на високообразовните установи, ја следи исполнетоста на условите на високообразовните установи на кои им се дадени акредитацијата и одобрението за почеток со работа и врз основа на тоа може да ја одземе акредитацијата.*

### 11.11 Разгледувани жалби и постапките по нив

Во Одборот за акредитација во изминатиот период, односно за времето на извештајниот период, не се водени постапки по жалби.

### 11.12 Тековна состојба за акредитираните високообразовни установи и студиски програми

1. Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје;
2. Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола;
3. Универзитет во Тетово – Тетово;
4. Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
5. Универзитет на Југоисточна Европа – Тетово;
6. Универзитет „Мајка Тереза“ – Скопје;
7. Европски Универзитет – Република Македонија, Скопје;
8. Универзитет за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ – Охрид;
9. Универзитет „Американ Колеџ“ – Скопје;
10. Универзитет Скопје – Скопје;
11. Американски универзитет на Европа – ФОН;
12. Меѓународен Славјански Универзитет „Гаврило Романович Државин“ – Свети Николе и Битола;
13. Интернационален универзитет „ЕУРОПА ПРИМА“;
14. Факултет за исламски науки – Скопје;
15. Висока школа за новинарство и за односи со јавноста;
16. Меѓународен Балкански Универзитет;
17. Меѓународен Универзитет „Визион“ – Гостивар;
18. Меѓународен универзитет – Струга;
19. Бизнис Академија Смилевски-БАС – Скопје;
20. Висока стручна школа Факултет за Бизнис Економија – Скопје;
21. Приватна Високообразовна Професионална Установа за Бизнис Студии „Еуро Колеџ“ – Куманово;
22. Приватна високообразовна установа-МИТ Универзитет – Скопје;
23. Бреинстер Некст – Скопје;
24. Училиште за мода Фашион Десигне институте Дооел – Тетово;

## 12. Обуки на членовите на Одборот

За време на извештајниот период, членовите на Одборот за акредитација не присуствуваа на обуки. Одборот за акредитација во овој период не организираше обуки од доменот на акредитација. Една од причините е тоа што Одборот за акредитација не располага со финансиски средства за самостојно да организира или да присуствува на обуки и семинари за своите членови.

Во 2025 година се планира учество на обука во Нови Сад, со поддршка и во организација на ENQA – Европска мрежа за обезбедување квалитет во високото образование.

Во 2025 година се планира учество на обука во Софија, со поддршка на Агенцијата за квалитет на високото образование на Република Бугарија.

Во 2025 година се планира одржување на работилница во Скопје со поддршка на Агенцијата за европски образовни програми.

Во 2025 година се планира работна посета (студски престој) во Загреб со поддршка на Агенцијата за поддршка на европските образовни програми за потребите на Агенцијата за квалитет на високото образование и универзитетите во земјата.

## 13. Обуки за надворешни стручни лица вклучени во постапка за акредитација

Во периодот јули – декември 2024 не се реализирани обуки за надворешни стручни лица вклучени во постапките на акредитација. Во иднина, Одборот за акредитација на високото образование, во соработка со надлежното Министерство за образование и наука, АКВО заедно со Универзитети планира спроведување обуки односно работилници за надворешни стручни лица кои се вклучени во постапата за акредитација.

## 14. Учества на конференции/состаноци

Делегација на Република Северна Македонија, во состав: проф. д-р Марјан Ѓуровски, претседател на Одборот за акредитација на високото образование и проф. д-р Куштрим Ахмети, заменик претседател на Одборот за акредитација на високото образование, зема **учество на Генералното собрание на ENQA – Европска мрежа за обезбедување квалитет во високото образование, кое се одржа од 23 до 25 октомври 2024 година во Малта**.

**Понеколку години, Одборот за акредитација на високото образование ја обнови соработката на нашата држава со ENQA – Европска мрежа за обезбедување квалитет во високото образование.**

За време на оддржувањето на собранието, **македонската делегација од Одборот за акредитација на високото образование имаше средба со Даглас Блексток, претседател на ENQA** – Европска мрежа за обезбедување квалиитет во високото образование, која е движечка сила за развој и обезбедување квалитет во сите земји потписнички на Болоњскиот процес.

**На средбата се разговараше за воспоставување на поинтензивна соработка и за користење на можностите за едукација и подигање на квалитетот на македонското високо образование со поддршка на ресурсите на Европската мрежа за обезбедување на квалитет на високото образование**. Во ENQA, со задоволство ќе се ангажираат понатаму за потребите на Република Северна Македонија, за моменталниот статус и активностите на Агенцијата и за понатамошниот заемен ангажман.

Во пролетта 2025 година ,ENQA ќе одржи работилница во Нови Сад, Србија, како дел од проект SEQA – ESG. Проектот има за цел да ги поддржи агенциите – учеснички во исполнувањето на очекувањата на ESG и на крајот да се постигне членство во ENQA. Иако настанот вообичаено е отворен само за проектни партнери, на средбата во Малта беше испорачана и покана претставници од Северна Македонија да присуствуваат и да се приклучат на дискусиите.

ENQA – Европската мрежа за обезбедување на квалитет на високото образование, предлага Одборот за акредитација на високото образование да се вклучи активно во Тематската група на колеги од Болоњскиот процес (ТПГ) за обезбедување квалитет. ТПГ е одличен форум за размена на претставници на Министерството и на агенциите со колегите од цела ЕХЕА. Нов работен циклус штотуку започна, а покрај различните состаноци и тематските активности за учење, ќе се предвидат и финансиски средства за мобилност на персоналот.

Теми на генералното собрание беа: „Обезбедување квалитет ESG“; „Обезбедување на квалитет на истражувањата“ и „Врските со социјалната димензија на високото образование“.

Посебните сесии вклучуваа примери на случаи од членките и придружните членки на ENQA што покрена дискусија за широкиот опсег на активности-преземени од агенциите. Учесниците, исто така, беа информирани за развојот на политиката по Министерската конференција на ЕХЕА во Тирана и придонесоа за дискусии за следниот стратешки план на ENQA.

Од особено значење беше воведната сесија „АЖУРИРАЊЕ НА РЕВИЗИЈАТА НА ESG И ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА BFUG“, од Anna Gover, директор на ENQA. Како клучни точки за ревизијата на ESG (The Standards and

guidelines for quality assurance in the European Higher Education Area – Стандарди и упатства за обезбедување квалитет во европскиот простор на високото образование),-според тоа се:

• Одржување на применливоста во различни контексти и истражување на нејасни области;

• Обезбедување релевантност во меѓународните контексти за IQA и EQA;

• Поставување на учењето и наставата во поширок контекст;

• Балансирање на тековните прашања со долгорочна важност.

Во Управниот комитет на ESG се претставници на сите автори на ESG (ENQA, EUA, EURASHE, ESU, EQAR, Меѓународно образование и бизнис Европа), додека координирањето на целокупниот процес, ги вклучува главните насоки и консултации. Во работната група за изготвување на ESG се претставниците на примарните автори на ESG (ENQA, EUA, EURASHE и ESU) кои имат задача да подготвуват нацрти и да идентификуват прашања за понатамошна дискусија и за одржување на јавни расправи и консултации со сите засегнатите страни. Конечната верзија се очекува во есента 2026 година, а министерското одобрение на истата на пролет 2027 година. Во периодот 2027-28 година се очекува транзиција за агенциите. Исто така беше презентиран и планот за работа на Bologna Follow-up Group (BFUG).

Членовите присутни на Генералното собрание на ENQA 2024 во Сент Џулијан, Малта, избраа тројца членови на одборот: Хели Матисен (ХАКА, Естонија) беше избрана за нејзиниот прв тригодишен мандат; Патрик Ван ден Бош (VLUHR QA, Белгија) беше избран за неговиот втор тригодишен мандат и Кристин Виње (НОКУТ, Норвешка) беше избрана за нејзиниот прв тригодишен мандат по едногодишен заменски мандат. Членовите на одборот: Кристина Гицулица (ARACIS, Романија) и Дорис Херман (AQAS, Германија) беа реизбрани за потпретседатели.

Членовите присутни на Генералното собрание, исто така, ги поддржаа претходните одлуки на Одборот за повторно потврдување на членството на следните агенции: A3ES (Агенција за евалуација и акредитација на високото образование од Португалија), AHPGS (Агенција за акредитација во здравствени и општествени науки од Германија), AIC (Академски информативен центар од Латвија), AQ Австрија (Агенција за обезбедување квалитет и акредитација од Австрија), CTI (Комисија за инженерски дипломи од Франција), CYQAA (Кипарска агенција за обезбедување квалитет и акредитација во високото образование), Evalag (Агенција за евалуација од Баден-Виртемберг, Германија), IEP (Институционална програма за евалуација на Европа), PKA (Полски комитет за акредитација), QQI (Квалитет и квалификации од Ирска) и Unibasq (Агенција за квалитет на баскискиот универзитетски систем од Шпанија).

Извештаите и другите материјали во врска со прегледите се достапни во базата на податоци за прегледи на веб-страницата на ENQA.

Генералното собрание ги одобри одлуките на Одборот за обновување на статусот на подружница на следните агенции: ACQAHE (Агенција за контрола и обезбедување квалитет на високото образование од Црна Гора) и HKCAAVQ (Хонг Конг Совет за акредитација на академски и стручни квалификации). На две агенции им беше одобрена припадност: EATDA (Државна агенција за наука и високо образование од Азербејџан) и PAASCU (Филипинска асоцијација за акредитација на училишта, колеџи и универзитети).

**На 19. 09. 2024 година учество со дискусија и размислување на пленарната седница на претседателите и генералните секретари на универзитетските алијанси земаа претставници од Одборот за акредитација на високото образование.** На пленарната седница главни говорници беа: проф. д-р Торстен Мајер, претседател на COLOURS, д-р Матија Белоти, генерален секретар на EUTOPIA, Марија-Валери Шегк, генерален секретар на YUFE и проф. д-р Џозеф Гарел, претседател на EUA, каде што се разговараше за идниот развој на универзитетските алијанси. Настанот, исто така, даде можност за воспоставување соработка помеѓу различни европски универзитетски асоцијации и тела~~та~~ за акредитација на високото образование.

На 24 септември 2024 година, во хотелот „Емералд“ во Приштина, на покана на Косовската агенција за акредитација, делегација во состав: проф. д-р Марјан Ѓуровски, претседател на Одборот за акредитација на високото образование и проф. д-р Куштрим Ахмети, заменик претседател на Одборот за акредитација на високото образование, зема учество на **Меѓународната конференција”Driving Excellence: Aligning Quality Assurance Policies with Institutional Strategy and Stakeholder Engagement“.**

Оваа конференција ги обедини локалните и меѓународните чинители вклучени во високото образование: институционални лидери, експерти, академици, истражувачи и практичари од областа на високото образование, заедно со студентите и работодавците, за колективно да ги истражат најновите трендови, предизвици и практики во стратешкиот менаџмент на квалитет во високообразовните институции.

Претседателот на Одборот за акредитација на високото образование, проф. д-р Марјан Ѓуровски зема **учество на панел дискусијата за Економскиот извештај на Светска банка, на 04. 12. 2024, на тема „Подобро образование за посилен раст“,** во организација на Светската банка. Заеднички беа споделени мислења како да се подобрат образовните системи и да се искористат потенцијалите за заживување на растот во регионот.

Во просториите на Ректоратот, беше одржан настанот на кој воведно се обратија ректорката на УКИМ, проф. д-р Биљана Ангелова и Масимилиано

Паолучи, директор на Канцеларијата на Светска банка за Северна Македонија и Косово. Паолучи истакна дека нашата држава треба да ги зголеми инвестициите во образованието и да го насочи фокусот во спроведувањето на ефикасни политики за подобрување на образовниот систем. „Клучни чекори за подобрување на квалитетот на образованието се организирањето национални програми за обука на наставници, како ажурирањете на формулите за финансирање“, изјави тој. На панел-дискусијата учество зема проф. д-р Весна Јаневска, министерка за образование и наука. Извештајот го презентираа Ивaило Изворски, главен економист за Европа и Централна Азија и Иван Торе, виш економист, додека Рафаел Де Хојос Наваро ја претстави Образовната стратегија на Светска банка.

На 19. 11. 2024 година, Претседтелот на Одборот за акредитација на високото образование, проф. д-р Марјан Ѓуровски зема **учество на работилницата: „Заеднички студиски програми – joint / double degree study programs“ на која се дискутираше за значењето и придобивките од креирањето на заеднички студиски програми со партнерски универзитети, како дел од процесот на интернационализација** на УКИМ.

Настанот го отвори ректорката, проф. д-р Биљана Ангелова, која се осврна на значењето од креирање заеднички студиски програми — joint / double degree за интернационализација и афирмација на УКИМ. Програмите за заедничко учење промовираат академска размена, ги подобруваат образовните искуства и ја поттикнуваат меѓународната соработка меѓу студентите и институциите. Тие отвораат можности студентите да се здобијат со уникатна комбинација на знаења и вештини кои ги одвојуваат од другите и ги подобруваат нивните кариерни можности на пазарот на трудот.

На настанот беа присутни претставници од факултетите, институтите и претставници на Агенцијата за квалитет во високото образование, со цел запознавање со текот и активностите на овие процеси. Беа споделени и позитивните искуства од факултетите и институтите кои веќе имаат заеднички студиски програми со универзитети од Европа и од регионот, како и предизвиците со кои се соочуваат при акредитацијата.

На работилницата беа презентирани следниве модели и искуства за начинот на креирање и реализирање на заеднички студиски програми: Заедничка студиска програма од втор циклус студии — joint degree: Интеграција и управување (Posig) и JoPScip (Еразмус+CBHE проект), во соработка со други 8 европски универзитети и Заедничка студиска програма од втор циклус студии — double degree: Dedicated Embedded Computer Systems and Internet of Things, во соработка со Универзитетот за применети науки „Анхалт“, Германија.

**Претседателот на Одборот за акредитација на високото образование, проф. д-р Ѓуровски најави дека ќе се формира посебна работна група која ќе изработи упатство односно т.н. патоказ за изработка на елаборат за**

**заедничка студиска програма од втор циклус студии** и за постојана комуникација со универзитетите кои се заинтересирани за ваков вид на студиски програми.

## 15. Посети на делегации

Во текот на времето на извештајниот период, Одборот за акредитација немаше посети на делегации поради краткиот период и неможноста да се обезбедат финансиски средства од Агенцијата за квалитет на високото образование за истите да се реализираат.

## 16. Остварена соработка

За време на извештајниот период, Одборот за акредитација има остварено определен број на средби, релевантни за работата на Одборот. Од позначајните средби може да се нотираат следните ~~средби~~:

- **Средба на претседателот на Одборот за акредитација на високото образование, проф. д-р Марјан Ѓуровски со министерката за образование и наука, проф. д-р Весна Јаневска**. За состојбите во високото образование, заложбите за интернационализација на македонскиот високообразовен систем и за потребата од дигитализација на процесот на акредитација на високообразовните установи, на 17. 07. 2024 година разговараа министерката за образование и наука, проф. д-р Весна Јаневска и претседателот на Одборот за акредитација на високото образование, проф. д-р Марјан Ѓуровски. На средбата се потенцираше дека е неопходно зајакнување на стандардите и на капацитетите на високообразовните институции, со посебен фокус на студиските програми и продуктот кои тие го креираат — дипломирани студенти за потребите на општеството и бизнис заедницата. Министерката Јаневска и претседателот на одборот Ѓуровски се согласија дека треба да се изградат и механизми за поддршка на развојот на високото образование во земјата од страна на бизнис заедницата. Исто така, на средбата се посочи дека и во иднина ќе се интензивира соработката со институциите на ЕУ за квалитет и акредитација на високото образование.

- **Средба** на претседателот на Одборот за акредитација на високото образование, проф. д-р Марјан Ѓуровски **со проф. д-р Билјана Ангелова, претседателка на Интеруниверзитетската конференција;**

- **Учество** на претседателот на Одборот, проф. д-р Марјан Ѓуровски и заменик претседателот на Одборот за акредитација на високото образование, проф. д-р Куштрим Ахмети на **IX форум на Ректори од**

**земјите на Југоисточна Европа и Западен Балкан,** на 11. 09. 2024 година во Битола;

- **Учество** претседателот на Одборот, проф. д-р Марјан Ѓуровски и заменик претседателот на Одборот за акредитација на високото образование, проф. д-р Куштрим Ахмети на **Форум на Ректори од КОЛОРС Европска Универзитетска Алијанса,** на 12.09.2024 година во Битола;

- **Средба со проф. д-р Џозеф Гарел, претседател на ЕУА, проф. д-р Матија Белоти, генерален секретар на КОЛОРС Европска Универзитетска Алијанса, проф. д-р Марија Валери Шегк, генерален секретар на Алијансата YUFE.**

- **Средба** на проф. д-р Марјан Ѓуровски и проф. д-р Куштрим Ахмети со **проф. д-р Игор Неделковски, ректор на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола;**

- **Средбата** на проф. д-р Марјан Ѓуровски и проф. д-р Куштрим Ахмети со **проф. д-р Сашо Георгиевски, декан на Правниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје;**

- **Учество на Меѓународната научна конференција „Мултидисциплинарен пристап кон целите за одржлив развој“,** во организација на Алијансата КОЛОРЕС на Европски Универзитети.

- Тековни **средби по нивно барање со претставници на високообразовни институции за прашања од областа на процесот на акредитација на студиски програми** во функција на целосно почитување на Законот за високото образование.

## 17. Издавачка дејност

Одборот за Акредитација на високото образование во последните шест месеци од годината немаше потреба од публицистичка дејност, односно издавање на посебни публикации. **Издавачката дејност ќе биде дел од активностите на Одборот за акредитација на високото образование во 2025 година, со поддршка на други институции**.

## 18. Состојба со интернет и мрежната страница на Одборот

Одборот за акредитација не располага со сопствена мрежна страница, туку ја користи интернет и мрежната страница на АКВО како орган во нејзин состав. На мрежната страница, од страна на Агенцијата за квалитет на високото образование, се објавуваат донесените акти, решенијата за акредитација и

обрасците. Во неколку наврати, со донесување на посебни одлуки и барања на Одборот за акредитација на високото образование, од Агенцијата за квалитет на високото образование се побаруваше навремено објавување на истите.

Директорот и стручните служби на АКВО се одговорни за одржувањето и менаџирањето со интернет и мрежната страница. Усвоените акти од страна на Одборот за акредитација навреме се доставени до Агенцијата за квалитет на високото образование преку архивата на АКВО, која единствено има достапност до официјалната интернет страница и само таа може да ги објави.

## 19. Разгледувани документи и тематски анализи

За време на извештајниот период, Одборот за акредитација има разгледано определен број на документи и тематски анализи на кои посебно ќе биде даден фокус-во првите шест месеци од 2025 година, и тоа:

1. Закон за високото образование (*Службен весник на РМ*, бр. 82/2018 и *Службен весник на РСМ*, бр. 178/2021 и 58/2024);
2. Предлог-национална програма за високото образование со предлог мерки;
3. Предлог-национална програма за научно-истражувачка дејност со предлог мерки;
4. Правилник за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование (*Службен весник на Република Северна Македонија*, бр. 151/12);
5. Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми (потреба од измени и дополнување);
6. Анализа на постоечките високообразовни програми за медицински сестри и акушерки во Северна Македонија, според барањата на Европска директива за регулирани професии;
7. Унапредување на образованието за медицински сестри и акушерки и воспоставување на систем за признавање на професионалните квалификации во Република Северна Македонија (2024–2025);
8. Информација за отсуството на првичната обработка на предметот од страна на стручна служба на Агенцијата за квалитет на високото образование која треба да ги врши стручните, административните и

помошно-техничките работи како предуслов за непреченост во целокупното работење на органот;

9. Информација за потребата од интернационализација на македонскиот високообразовен систем и за зајакнување на стандардите и капацитетите на високообразовните институции со посебен фокус на студиските програми и на продуктот кои тие го даваат – дипломирани студенти за потребите на општеството и бизнис заедницата;
10. Изработување на заеднички меморандум за соработка со МАНУ за изработка на заеднички научно-истражувачки проекти и за организирање на заедничка научна конференција посветена на состојбата, предизвиците и развојот на високото образование;
11. Градење механизми за поддршка на развојот на високото образование во земјата од страна на бизнис заедницата;
12. Предлог договор за соработка со Стопанските комори во кој ќе се дефинираат повеќе заеднички активности, при што движечки мотив ќе биде националниот интерес за квалитетно високо образование кое ќе биде во чекор со потребите на стопанството;
13. Анализа на состојбата на профилот на кадар со високо образование за стопанството, како и оценка на дипломираните студенти и нивната подготвеност во работниот процес;
14. Разгледување на Националната рамка на занимања (Државен завод за статистика, 2015);
15. Анализа на законските услови и на општествената и стопанска оправданоста на студиските програми кои се акредитираат и утврдување на потребниот високообразован кадар за бизнисот во земјата;
16. Отворање дијалог меѓу бизнис заедницата, извршната власт и факултетите, односно директен разговор со работодавачите и инвеститорите со цел меѓу себе да си помогнат и да креираат студиски програми за кои е реална потребата и неопходен кадар за целокупните процеси;
17. Изработка на информација за потребата од целосна дигитализација на процесот за акредитација на високото образование;
18. Идни приоритети за ENQA (ENQA – Европска мрежа за обезбедување на квалитет на високото образование);
19. Стандарди за спроведување на надворешно осигурување на квалитетот на истражувањето и на високото обраозвание на ENQA – Европска мрежа за обезбедување на квалитет на високото образование;

20. Рамки за институционални евалуации на ENQA – Европска мрежа за обезбедување на квалитет на високото образование;
21. Информација за агенциска соработка во надворешната евалуација на ENQA – Европска мрежа за обезбедување на квалитет на високото образование;
22. Анализа за дигитализација на високото образование според анализата на ENQA – Европска мрежа за обезбедување на квалитет на високото образование;
23. Информација и презентација за социјалната димензија и на посакуваната инклузивна средина во високото образование што поттикнува еднаквост, различност и одговара на потребите на локалната заедница;
24. Анализа за поврзување меѓу обезбедувањето квалитет и социјалната димензија (инклузија) на високото образование на ENQA – Европска мрежа за обезбедување на квалитет на високото образование
25. Информација за потребата од тоа агенциите за обезбедување квалитет на високото образование да ги интегрираат дигиталните алатки и технологии.

**Скопје, декември 2024 година**

**Претседател на Одборот за акредитација на високото образование,**

**проф. д-р Марјан Ѓуровски**